Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 03.09.2014 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4396 | 1 | |


# ИЗВЕШТАЈ
## од контролниот надзор на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво ТВ Студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ, емитуван на 26 август 2014 година

***Предмет на надзорот:***

- **Член 54 став 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
  (не е дозволено идентификување на спонзор во текот на документарните и на програмите за деца).

*На 15 јули 2014 година, за непочитување на член 54 став 9 од Законот, констатирано со вонредниот надзор на програмскиот сервис емитуван на 21 јуни 2014 година, в.д. директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена на ТРД ТВ Студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ.*

*Со изречената мерка му наложи на радиодифузерот, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Според податоците од Македонска пошта, радиодифузерот го примил решението на 16 јули 2014 година, оттаму рокот за усогласување заврши на 14 август 2014 година.*

***Констатации:***

Со контролниот надзор на програмскиот сервис на ТРД ТВ Студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ, емитуван на 26 август 2014 година, е утврдено дека субјектот на надзорот (радиодифузерот), во целост постапил по решението, односно ја отстранил извршената повреда на член 54 став 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

*Датум на извршување на програмскиот надзор:*
*03.09.2014 година*